# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 172 став 1 и 8 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Одлуката за условите и начинот на работа на штедилниците
## ("Службен весник на РМ" бр. 78/2008)

**I.** Во Одлуката за условите и начинот на работа на штедилниците ("Службен весник на РМ" бр. 79/2007), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во Глава I. ОПШТИ ОДРЕДБИ, точка 1 се додава нова, четврта алинеја која гласи:

"- внатрешната ревизија".

2. По главата IV се воведува нова глава V, која гласи:

"**V. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

9. На штедилниците се применуваат одредбите за начинот на организација и вршење на внатрешната ревизија од глава IX дел 6 од Законот за банките.

По исклучок на став 1 на оваа точка, доколку штедилницата, во Службата за внатрешна ревизија нема лице - овластен ревизор, органот на надзор или Собранието, односно Собирот на содружници на штедилницата, може да ангажира друштво за ревизија или лице-овластен ревизор, заради обезбедување непрекинатост во извршувањето на функцијата за внатрешна ревизија заедно со лицето/лицата вработени во Службата за внатрешна ревизија.

Друштвото, односно лицето од ставот 2 на оваа точка, е должно да ги почитува принципите и правилата на внатрешната ревизија, согласно со Законот за банките и прописите донесени врз основа на овој закон.

Штедилницата може да ангажира едно исто друштво за ревизија или лице-овластен ревизор, за непрекинат период од најмногу 3 години.

Друштвото, односно лицето од ставот 2 на оваа точка, во периодот додека е ангажирано како овластен ревизор во штедилницата, не може да врши, односно да учествува во ревизија на годишните финансиски извештаи на штедилницата.

Штедилницата е должна да обезбеди прецизно дефинирање на одредбите од договорот со друштвото, односно лицето од ставот 2 на оваа точка, кои ќе

овоможат јасно разграничување на правата и обврските помеѓу двете страни, како и:

- клаузула за можност за предвремено раскинување на договорните права и обврски, на барање на штедилницата;
- одредби за заштита на тајноста на податоците на штедилницата;
- одредби за обезбедување усогласеност на друштвото, односно лицето со соодветните прописи.

Штедилницата е должна да ја извести НБРМ за условите под кои е ангажирано друштвото, односно лицето од ставот 2 на оваа точка."

3. Главата V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ станува глава VI, а точките 9, 10 и 11 стануваат точки 10, 11 и 12.

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**О.бр.02-15/VII-1/2008**
**26 јуни 2008 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер**
**и претседател**
**на Советот на Народна банка**
**на Република Македонија**